РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-908/1

ДКСК KSHPK

23-02-2026 г./v.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 28-та седница одржана на 17.02.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-1520/1 од 14.05.2025 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што за пријавените наводи е надлежен да постапува друг орган.

Пријавата да се достави до Јавно претпријатие „Водовод и канализација" - Скопје.

Предметот со 12-1520/1 од 14.05.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб-страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител на ден 14.05.2025 година е поднесена пријава во врска со сомневање на нелегален приклучок на водоводната мрежа на Јавно претпријатие „Водовод и канализација" – Скопје и оформен е предмет број 12-1520/1 од 14.05.2025 година.
Во пријавата подносителот наведува дека, лицето -------- од -------, нелегално се приклучил на водоводната мрежа на Јавното претпријатие „Водовод и канализација" – Скопје и дека истиот не инсталирал водомер и дека истиот со години не платил за потрошената вода.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

По разгледувањето на предметните наводи и релевантните законски одредби, ДКСК констатира дека во случајот по пријавените наводи односно дејствија, друг орган е надлежен да постапува и предметната пријава ќе се достави до Јавно претпријатие „Водовод и канализација" - Скопје.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

Изработил: м-р Ф.О., Советник
Контролирал: м-р К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш., Член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut